СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 22 број 12	Чешиново-Облешево 27.07.2026 година	Излегува по потреба

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.07.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на локација (КП 628/3 КО Врбица) во с. Врбица поради проширувањето на болеста овци сипаници

Член 1

Во соработка со АХВ да се обезбеди сигурна дислокација на угинатите животни и по насоки на инспекторите да се изврши безбедно затрупување односно нештетно отстранување на мршите од овците и козите кои угинале или се убиени, простирката цврстото и течното ѓубре за кои постои сомнение дека се контаминирани, како и храната за животни под официјален надзор.

Нова локација е следната: КП бр.628/3 КО Врбица, од ИЛ бр.126 во сопственост на Република Македонија.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1514/1
27.07.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Предлог Одлука за одобрување на локација (КП 628/3 КО Врбица) во с. Врбица поради проширувањето на болеста овци сипаници

1.Ја прогласувам Предлог Одлука за одобрување на локација (КП 628/3 КО Врбица) во с. Врбица поради проширувањето на болеста овци сипаници, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.07.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-1515/1
27.07.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

СОДРЖИНА Стр.

1. **ОДЛУКА** за одобрување на локација (КП 628/3 КО Врбица) во с. Врбица поради проширувањето на болеста овци сипаници.....1
2. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на Предлог Одлука за одобрување на локација (КП 628/3 КО Врбица) во с. Врбица поради проширувањето на болеста овци сипаници.....1
3. **СОДРЖИНА**.....1